**Земји во кои акцент е ставен на вршителот на насилство и спречување на насилството:**

**Република Хрватска; Кралството Шведска**



**Земји во кои акцент е ставен на жртвата и нејзина заштита откако насилството е извршено:**

**Република Србија; Република Албанија; Република Словенија; Сојузна Република Германија; Република Франција**



**Во Хрватска се става акцент на прекршочните санкции на сторителите на семејно насилство.**



**Шведскиот Закон за забрана на контакт предвидува забрана на контакт помеѓу вршителот и жртвата преку воведување електронски надзор на вршителот на насилство.**



Словенија е една од четирите земји во ЕУ кои го надминуваат бројот на препорачани шелтери (засолништа) по глава на жител.



Во Германија, во случај на развод или разделба, жртвата има право да го задржи домот, односно да остане на местото каде што живее во случај на насилство.



Во Франција, жртвите на семејно насилство имаат право на судска заштита во вид на итна заштита во случаи кога жртвата и/или нејзините деца се во непосредна опасност.



Во Србија, Групата за координација и соработка развива индивидуален план за заштита и поддршка на жртвите, кој содржи сеопфатни и ефективни мерки за поддршка на жртвите.



Во Албанија со закон се обезбедува непосредна и подолготрајна заштита на жртвите од страна на судот и итно сместување во безбедно засолниште.